ФИНАНСИСКА АКАДЕМИЈА
Вештини за финансиско и административно управување кај граѓанските организации

## Времетраење и организација на модулите

Секој модул опфаќа вкупно 40 часа: 10 часа теоретска настава и 30 часа практична работа. Обуката се реализира комбинирано – со физичко присуство и онлајн, преку Zoom платформата.

Првото и последното предавање на секој модул се одржуваат во живо во просториите на Центарот за истражување и креирање политики, ул. Цицо Поповиќ бр. 6-2/9, Скопје. Секој учесник добива пристап до платформа за е-учење со тестови, материјали и дополнителни ресурси за поддршка на учењето.

| Модул 1 - Административно управување кај граѓански сектор | | |
|---|---|---|
| **Датум** | **Број на часови** | **Начин на испорака** |
| 02/04/2026 (четврток) | 5 | Во живо |
| 06/04/2026 (понеделник) | 5 | Онлајн |
| 09/04/2026 (четрток) | 5 | Онлајн |
| 14/04/2026 (вторник) | 5 | Онлајн |
| 16/04/2026 (четврток) | 5 | Онлајн |
| 20/04/2026 (понеделник) | 5 | Онлајн |
| 23/04/2026 (четврток) | 5 | Онлајн |
| 27/04/2026 (понеделник) | 5 | Во живо |
| Вкупно | 40 | |

| Модул 2 - Финансиско управување кај граѓански сектор | | |
|---|---|---|
| **Датум** | **Број на часови** | **Начин на испорака** |
| (четврток) | 5 | Во живо |
| (понеделник) | 5 | Онлајн |
| (четрток) | 5 | Онлајн |
| 11/05/2026 (понеделник) | 5 | Онлајн |
| 14/05/2026 (четврток) | 5 | Онлајн |
| 18/05/2026 (подендελник) | 5 | Онлајн |
| 21/05/2026 (четврток) | 5 | Онлајн |
| 26/05/2026 (вторник) | 5 | Во живо |
| Вкупно | 40 | |

**ФИНАНСИСКА АКАДЕМИЈА**

Вештини за финансиско и административно управување кај граѓанските организации

| **Модул 3 - Управување со проекти - финансиско управување на проект** | | |
|---|---|---|
| **Датум** | **Број на часови** | **Начин на испорака** |
| 28/05/2026 (четврток) | 5 | Во живо |
| 01/06/2026 (понеделник) | 5 | Онлајн |
| 04/06/2026 (четврток) | 5 | Онлајн |
| 08/06/2026 (понеделник) | 5 | Онлајн |
| 11/06/2026 (четврток) | 5 | Онлајн |
| 15/06/2026(понеделник) | 5 | Онлајн |
| 18/06/2026 (четврток) | 5 | Онлајн |
| 22/06/2026(понеделник) | 5 | Во живо |
| Вкупно | 40 | |

*Индикативна временска рамка за испорака на Модул 1, Модул 2 и Модул 3

---

## Модул 1: Административно управување кај граѓанскиот сектор

Овој модул е насочен кон јакнење на административните капацитети на граѓанските организации и развивање практични вештини за организирано и ефикасно работење.

**Теми на модулот:**

1. Основи на подготовка на документација и препознавање на документација
2. Канцелариско и архивско работење, соработка со други субјекти
3. Вработување и ангажирање човечки ресурси
4. Планирање и менаџирање со човечки ресурси
5. Систематизација на работни места, напредување, развој, улоги и обуки на вработени
6. Внатрешна контрола
7. Внатрешна контрола во НВО и законски одредби за подготовка на годишен извештај
8. Известување – годишни извештаи

**Цел на модулот:**

Учесниците ќе стекнат практични компетенции за организирано и ефикасно административно работење, со кои ќе го подобрат функционирањето на своите организации и ќе ја зајакнат довербата кај донаторите и пошироката јавност.

---

ФИНАНСИСКА АКАДЕМИЈА
Вештини за финансиско и административно управување кај граѓанските организации

**Модул 2: Финансиско управување кај граѓанскиот сектор**

Овој модул ги покрива клучните аспекти на финансиското управување кај граѓанските организации, од буџетирање и контрола на трошоци до финансиско известување во согласност со закон и донаторски барања.

**Теми на модулот:**

1. Правна и финансиска рамка за работење кај граѓанските организации;
2. Основни концепти на финансиите кај граѓанските организации, вклучително буџетирање за проектни и институционални буџети;
3. Следење на трошењето на проектните и институционалните буџети;
4. Запознавање со приливи и одливи, приходи и расходи, влезни и излезни фактури;
5. Готовинско и безготовинско работење, различни евиденции на трошоците;
6. Трошоци кои се однесуваат на личните примања од аспект на данокот;
7. Трошоци кои се однесуваат на оперативни и програмски активности;
8. Данок на додадена вредност кај граѓански здруженија, ослободување и плаќање на ДДВ;
9. Процедури за набавки;
10. Различни облици на известување и ревизија.

**Цел на модулот:**

Целта на модулот е учесниците да стекнат практични компетенции за ефикасно финансиско управување, со кои ќе го подобрат планирањето, следењето и известувањето во своите организации, ќе ја зајакнат финансиската дисциплина и професионалниот углед на организацијата.

---

**Модул 3: Управување со проекти - финансиско управување на проект**

Модулот ги опфаќа клучните аспекти на проектното управување, од договори и логичка рамка до мониторинг, евалуација и финансиско известување, со цел подобрување на професионалната практика во граѓанските организации

**Теми на модулот:**

1. Договор за Грант и Подгрантирање
2. Раководење со проектен циклус
3. Логичка рамка

4. Планирање и утврдување на пресвртници (milestones) кај проектите
5. Финансиско планирање на проекти
6. Измени на буџетите и прибирање на средства
7. Систем за известување, извршување на буџет, утврдување на работни пакети и одговорности меѓу партнерски организации
8. Мониторинг и Евалуација
9. Интегритет, корупција, судир на интереси и перење пари
10. Транспарентност и отчетност

**Цел на модулот:**

Учесниците ќе стекнат практични компетенции за ефикасно управување со проекти, со кои ќе ја подобрат финансиската отчетност, ќе ја зголемат транспарентноста и професионалниот кредибилитет на своите организации, како и способноста за успешно планирање, следење и известување на проектите.